# АКЦИСКИ ПЛАН за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија

Владата на Република Северна Македонија како институција со извршна улога во развојот на земјата има примарна улога во обезбедување на можности за спроведување на Националната стратегија за социјалните претпријатија, преку донесување и спроведување на кохезивни и координирани програми поврзани со мерките предвидени со Стратегијата. Владата треба да планира и спроведува реформи кои ги засегаат социјалните претпријатија, а преку нив и одржливиот, рамномерен локален социо-економски развој со адекватна координација со оваа Стратегија.

За успешно спроведување на Националната стратегија за социјалните претпријатија е предвидено Владата на Република Северна Македонија да формира Национално координативно тело за следење и континуирана евалуација на имплементацијата на Стратегијата. Заради хоризонталната поставеност на Стратегијата, нејзиното спроведување подразбира целосна соработка помеѓу министерствата и институциите во системот, соработка на државните институции и соработка меѓу државната и локалната власт.

Спроведувањето на Националната стратегија за социјалните претпријатија мора да обезбеди широка вклученост на сите засегнати страни и клучни актери кои дејствуваат директно или индиректно во еко-системот. Целокупниот процес мора да обезбеди хоризонтално и вертикално поврзување на локалните и националните институции, приватниот сектор, социјалните претпријатија и актерите во еко-системот и ранливите категории граѓани.

DRAFT FINAL

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: КРЕИРАЊЕ КУЛТУРА НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАШТВО

**Мерка 1:** Анализа за интеграција на улогата на социјалните претпријатија и вредностите што тие ги генерираат во сите релевантни документи за јавните политики, а особено оние што се однесуваат на малите и средните претпријатија, вработувањето и социјалната вклученост, одржливиот развој и ревитализацијата на руралните подрачја.

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **А1.1** Препознавање на социјалните претпријатија и нивната улога во остварувањето на општетсвените и еколошките цели во годишните програми и стратегии на Владата на РСМ. | - **И1.1.1** Годишните програми на Владата експлицитно го препознаваат и приоретизираат развојот на социјалните претпријатија во РСМ;<br>- **И1.1.2**: Формирано е повеќе секторско, координативно тело кое ги вклучува сите засегнати страни, кое е надлежно за следење на Стратегијата за развој на социјалните претпријатија, подготовка на квартални извештаи и интегриран годишен извештај за нејзиното спроведување. | Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство; Министерство за локална самоуправа | -На квартално ниво во рамките на спроведувањето на тригодишната стратегија;<br><br>-На годишно ниво се подготвува годишен, интегриран извештај кој го информира акциониот план за селдната година. | Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените |
| **А1.2** Анализа на потребите од донесување на Законска рамка уредување на работата на социјалните претпријатија | **И 1.4.1** Заклучоци и препораки за потребата законски да се уреди работењето на социјалните претпријатија;<br>**И1.4.2** Одржана работна група и консултации со Мрежата на социјалните претпријарија; | Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство; Министерство за | I квартал, 2021 | Проект за техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |

DRAFT

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **И1.4.3** Подготвена анализа на законодавната рамка;<br>**И1.4.4** Препораки донесени за создавање на олеснувачко опкружување за развој на социјалното претприемништво со предлози за измени и дополнувања на законодавната рамка;<br>**И1.4.5** Број на изменети регулативи | локална самоуправа, граѓански сектор, Национална мрежа на социјални претпријатија | | |
| **А1.3**: Основање на работна група за развој на законско решение за социјалните претпријатија.<br><br>**Дополнување:** Работната група ќе биде основана само доколку се утврди потреба за донесување на законско решение врз основа на анализата предвидена во активност А1.2 | **-И1.2.1** Критериуми за избор на членовите на работната група;<br>-**И1.2.2** Програма за работа на работната група;<br>**-И1.2.3** Број на состаноци на работната група;<br>-**И1.2.4** Препораки на работната група; | Министерство за труд и социјална политика;<br>Министерство за економија;<br>Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство;<br>Министерство за локална самоуправа, граѓански сектор, социјални претпријатија;<br>национална мрежа на социјални претпријатија | I квартал, 2022 | Не се потребни дополнителни финансиски средства.<br>Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените<br>Процесот ќе биде поддржан преку обезбедената техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |
| **А1.3**: Развој на алатки и дефинирање процедури за мниторинг на јавните политики кои ги таргетираат социјалните претпријатија и градење на каапцитетите на Министерството | **И1.3.1** Број на јавни службеници и претставници од граѓанскиот сектор обучени да ги користат алатките за мониторинг на јавните политики за социјалните претпријатија | Министерство за труд и социјална политика;<br>Министерство за економија;<br>Министерство за земјоделство, водостопанство и | I квартал, 2022 | -Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задолженија на вработените |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за труд и социјална политика за спроведување на алатките. | | шумарство; Министерство за локална самоуправа, граѓански сектор, социјални претпријатија | | -Процесот ќе биде поддржан преку обезбедената техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |

| **Мерка 2:** Градење свест и интерес кај пратениците, високите владини функционери, деловната заедница и граѓанското општество за активностите и влијанието на социјалните претпријатија преку организирани средби, јавни настани и студиски посети во постоечките социјални претпријатија во земјава | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А2.1** Годишна конференција за социјалните претпријатија со цел да се обезбедат можности за вмрежување на социјалните претпријатија, размена на искуства и информации за можностите, како и информирање на тековните политики за секторот, како и идниот развој на секторот. | **-И2.1.1** Одржан јавен настан за промоција на социјалните претпријатија;<br>**-И2.1.2** Број на учесници на настанот за промоција на социјалните претпријатија | Министерство за труд и социјална политика; Национална мрежа на социјални претпријатија; Граѓански организации; Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор | На годишно ниво, во текот на спроведувањето на стратегијата | Проект за техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |
| **А2.2** Презентација на годишните извештаи за имплементацијата на Стратегијата за социјалните претпријатија и презентација на други спроведени истражувања за напредокот во равојот на секторот пред Националниот совет за одржлив развој, Советот за рамномерен регионален развој, Советот за соработка | **И3.2.1** Основана опсерваторија на социјалните претпријатија која ќе спроведува редовни истражувања за развојот на секторот;<br>**И3.2.2** Број на спроведени истражувања преку проекти и иницијативи на граѓанскиот сектор и академската | Министерство за труд и социјална политика, Нациоална мрежа на социјалните претпријатија; Национален центар за развој на компетенциите за СП[1]. | IV квартал, 2021 година, IV квартал, 2022 и IV квартал, 2023 | Треба да се обезбедат финансиски средства |

[1] Центарот ќе биде основан во текот на имплементацијата на Стартегијата, преку проектот за техничка помош за градење структури на социјални претпријатија

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| помеѓу граѓанскиот сектор, и работното тело на Собранието за економски прашања | заедница, за мапирање на капацитетите на социјалните претпријатија;<br>**И3.2.2** Број на препораки за социјалните претпријатија; | | | |
| **А2.3** Организирање студиски посети за пратениците, високите владини функционери, деловната заедница и граѓанското општество во постоечки социјални претпријатија во земјава. | **И2.3.1** Број на организирани студиски посети;<br>-**И2.3.2** Број на учесници во студиските посети | Министерство за труд и социјална политика, Национална мрежа на социјалните претпријатија; Национален ресурсен центар за СП[2]. | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |

| **<u>Мерка 3:</u>** Мапирање, поддршка и градење на капацитетите на образовните институции од основно, средно и високо образование за вградување на социјалното претприемаштво во рамките на наставните програми. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А3.1** Соработка со претставници на граѓанските организации при реализација на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини, воннаставни и проектни активности во училиштата поврзани со социјалното претприемаштво | -**И3.1.1**: Број на реализирани средби на училиштата и граѓанските организации;<br>-**И 3.1.2**- Број на реализирани програми | Министерство за образование и наука; Биро за развој на образованието; Граѓански сектор; академска заедница | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата | Не се потребни дополнителни финансиски средства.<br><br>Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задложенија на вработените.<br><br>Активностите ќе бидат координирани од страна на Бирото за развој на образованието, со поддршка |

[2] Центарот ќе биде основан во текот на имплементацијата на Стартегијата, преку проектот за техничка помош за градење структури на социјални претпријатија

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | на граѓанскиот сектор и Националниот ресурсен центар за социјалните претпријатија |
| **А3.2** Спроведување анализа за ефектите од реализацијата на наставни програми, короскурикуларни/интегрирани содржини, вонннаставни и проектни активности во училиштата поврзани со социјалното претприемаштво | **И 3.2.1**: Изработена анализа за ефектите од реализацијата на наставни програми, короскурикуларни/интегрирани содржини, воннаставни и проектни активности во училиштата поврзани со социјалното претприемаштво | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието | IV квартал 2023 | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А3.3**: Обезбедување поддршка за професионален развој на воспитно-образовниот кадар, стручните ссоработници и директорите во основните и средните училишта, во врска со социјалното претприемаштво | - **И3.2.2:** Број на обучен воспитно-образовен кадар, претставници од стручните соработници и директори;<br>**- И3.2.3** број на спроведени советодавно-исntруктивни посети на восдпитно-образовниот кадар | Биро за развој на образованието | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стартегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А3.4**: Организација на хакатони за средношколци и студенти за нивно изложување на општествените проблеми и развој на иновативни решенија за истите | -**И3.4.1**: Број на организирани хакатони;<br>-**И3.4.2:** Број на вклучени училишта; Број на вклучени ученици | Фонд за иновации и технолошки развој; Здруженија на граѓани | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А3.5:** Развивање и имплементирање на национални, регионални и локални програми за / за социјалната економија во неформалниот образовен систем што го даваат НВО, локалните власти, институциите на пазарот | -**И 3.5.1**: Преглед на реализирани програми во неформалниот образовен систем | Биро за равој на образованието; Фонд за иновации и технолошки развој; Здруженија на граѓани; Донаторска заедница | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на трудот, културните институции или масовните медиуми; програмите треба да се адресираат до децата, младите и возрасните, локалните власти, невладините организации и бизнис секторот. | | | | |
| **А3.6** Мобилизација и градење на капацитетите на младинските организации со цел унапредување на нивните програми со активности за промовирање на претприемаштвото, граѓанскиот активизам и социјалното претприемаштво; | **И3.6.1**: Број на младиски организации кои работат на поттикнување на млади лица на претприемачко учење; **И3.6.2**: Број на млади лица таргетирани препу младинските организации | Биро за равој на образованието; Фонд за иновации и технолошки развој; Здруженија на граѓани; Донаторска заедница | Тековно, во рамките на спроведувањето на Стартегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А3.7** Развој на програми во високото образование кои експлицитно ги таргетираат социјалните претпријатија. | -**И3.7.1** Број на високи образовни институции кои имаат дизајнирани програми кои екплицитно ги таргетираат социјалните претпријатија; -**И 3.7.2** Зголемување на интересот за предметите за социјално преприемаштво на годишно ниво; | Високи образовни институции; Здруженија на граѓани | IV Квартал , 2022 | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |
| **А3.8** Поддршка на професионалниот развој на наставниот кадар во високото образование за социјално претприемништво | -**И3.8.1** Број на наставници вклучени во стручна обука за социјално претприемништво; -**И3.8.2** Број на стручни конференции за професионален развој на наставниците во социјалното претприемништво | Министерство за образование и наука; Биро за развој на образованието; Граѓански сектор; академска заедница | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А3.9** Развој на инкубатори (HUB-ови)во рамките на училиштата и високообразовните институции. | **-И3.9.1** Број на развиени инкубатори | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Центар за стручно образование и обука, високообразовни институции | Тековно, во рамките на спроведувањето на стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

| **<u>Мерка 4:</u>** Креирање регистар на социјални претпријатија преку дефинирање на јасни критериуми за доделување статус на социјално претпријатие | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А4.1** Анализа на националното законодавството за дефинирање на критериумите за доделување ознака за СП | **И4.1.1** Усвоени критериуми за доделување ознаки за СП; | Министерство за труд и социјална политика; граѓански сектор; академска заедница; АППРМ | I Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |
| **А4.2** Креирање водич за процесот на доделување ознака за социјалните претпријатија; | **И.4.1.1** Водич за доделување ознаки за социјалните претпријатија;<br>**И4.1.2** Воспоставена е рамка за евиденција на социјалните претпријатија<br>**И4.1.3** Развиен е единствен регистар на социјални претпријатија во Република Северна Македонија | Министерство за труд и социјална политика; граѓански сектор; академска заедница; АППРМ | I Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |
| **И4.3** Градење на капацитетите на надлежната институција за спроведување на процесот на доделување статус на социјалните претприајтија**;** | **И4.3.1** Број на службеници обучени за спроведување на процесот за доделување статус на СП; | Министерство за труд и социјална политика; граѓански сектор; академска заедница; АППРМ | II Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **И4.3.2** Број на социјални претпријатија кои добиле статус на СП | | | |
| **А4.4** Мониторинг и континуирано учење од процесот на доделување ознаки на СП; | **И4.4.1** Унапреден процес на доделување статус на СП;<br>**И4.4.2** Број на социјални претприајтија кои имаат статус на СП | Министерство за труд и социјална политика; граѓански сектор; академска заедница; АППРМ | Во континуитет, во рамките на спроведувањето на Стратегијата | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

| **Мерка 5:** Статистички податоци за различните модели на СП кои се регистрирани во регистарот на СП се собираат на годишно ниво за информирање на јавните политики. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А5.1** Спроведување на истражувања и анализи на капацитетите на различните модели и правни форми социјалните претпријатија според дефинирана методологија | **-И5.1.1** Датабаза на активни социјални претпријатија;<br>**-И5.1.2** Годишен извештај за состојбата на социјалните претпријатија;<br>**-И5.1.3** Унапредени пристап до податоци за социјалните претпријатија; | Министерство за труд и социјална политика, Национална мрежа на социјалните претпријатија; Национален центар за развој на компетенциите за СП. | На годишно ниво во рамките на спроведувањето на стратегијата | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |

| **Мерка 6:** Анализа на методологии за мерење на општественото влијание и усвојување на национална методологија за мерење на општественото влијание на СП. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А6.1** Развој на методологија за мерење на општественото и економското влијание на социјалните претпријатија; | **И6.1.1** Подготвена методологија за мерење на општественото и економското влијание на социјалните претпријатија | Национален ресурсен центар за социјалните претпријатија; Граѓански сектор, академска заедница, АППРМ, Министерство за труд и социјална политика | IV Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |
| **А6.2** Градење на капацитетите на социјалните претпријатија континуирано да го мерат и да известуваат за своето општествено влијание | **И6.2.1** Број на социјални претпријатија кои известуваат за своето општетсвено влијание; | Граѓански сектор, академска заедница, АППРМ, Министерство за труд и социјална политика | I Квартал, 2021-III Квартал, 2023 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |

| **<u>Мерка 7: Обезбедување на поддршка за усогласување на Националните политики за социјалните претпријатија со политиките и програмите на ЕУ за развој на социјалната економија, преку вмрежување и формирање стратешки партнерства.</u>** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А7.1** Активности за координација и усогласување на развојот на политиките за социјалните претпријатија на ниво на ЕУ. | **И7.1.1** Назначен претставник на Република Северна Македонија во експертската група на Европската комисија за социјална економија и социјалните претпријатија | Министерство за труд и социјални политики | Континуирано, во текот на спроведувањето на стратегијата. | Не се потребни дополнителни финансиски средства. Активностите ќе се вршат во рамки на редовните работни задложенија на вработените |
| **А7.2** Вклучување на Република Северна Македедонија во студиите за мапирање на еко-системот за социјални претпријатија и други тековни истражувања | **И7.1.2** Број на истражувања на ЕУ ниво во кои е вклучена Република Северна Македонија | Национална мрежа на социјални претпријатија | Континуирано, во текот на спроведувањето на стратегијата. | Потребно е да се обезбедат финансиски средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А7.3** Вмрежување и формирање партнерства со мрежи на социјални претпријатија кои се активни на ЕУ ниво. | **И7.1.3** Број на мрежи и стратешки партнерства основани помеѓу националната мрежа на социјални претпријатија и мрежи кои делуваат на ЕУ ниво | Национална мрежа на социјални претпријатија | Континуирано, во текот на спроведувањето на на стратегијата | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |

| **Мерка 8: Анализа на ефектите и избор на најпогоден модел за даночен третман на социјалните претпријатија, за штедачите, финансиерите и приватниот капитал кои се во функција на социјалната економија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А8.1** Анализа за најпогоден модел за даночен третман на социјалните претпријатија | **И9.1.1** Број на одржани јавни консултации и тркалезни маси;<br>**И9.1.2** Број на социјални претпријатија вклучени во јавните консултации и тркалезни маси;<br>**И9.1.3** Број на координативни состаноци со релевантните државни институции;<br>**И9.1.4** Објавена е анализа за сегашната состојба во врска со даночниот третман и препораките за најпогоден модел за даночен третман на социјалните претпријатија | Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика; граѓански сектор, социјални претпријатија, нациоанална мрежа на социјални претпријатија | I Квартал, 2023 | Треба да се обезбедат финансиски средства |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А8.2** Креирање поволна фискална/даночна политика за определениот даночен модел низ консултативен процес за социјалните претпријатија, за штедачите, финансиерите и приватниот капитал кои се во функција на социјална економија. | И2.4.1. Даночните реформи на Министерството за финансии ги препознаваат социјалните претпријатија;<br>И2.4.2 Дефииран даночен модел за социјалните претпријатија, штедачите, финансиите и приватниот капитал кои се во функција на социјалната економија | Министерство за финансии;<br>Министерство за труд и социјална политика | Во договорена динамика во рамките на стратегијата | Не се потребни дополнителни средства.<br>Првично намалените даночни приходи ќе бидат компензирани од намалените социјални расходи и зголемините приходи од индиректните даноци, а подоцнежно зголемување на даночната основа, но и на придонесите |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот

| <u>**Мерка 1**</u>: Мапирање и проценка на капацитетите и потребите на актерите во еко-системот на социјалните претпријатија и на социјалните претпријатија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
| **А1.1** Основање на национален ресурсен центар за социјалните претпријатија | **А1.1.1** Процедура на селекција на национален ресурсен центар;<br>**А1.1.2** Национален ресурсен центар за социјалните претпријатија;<br>**А1.1.3** Дефинирани и јавно достапни програми на националниот центар; | Министерство за труд и социјална политика;<br>Граѓански сектор;<br>Академска заедница;<br>Национална мрежа на социјалните претпријатија | IV Квартал, 2021 година | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |
| **А1.2** Мапирање и анализа на постоечките структури за поддршка на социјалните | **А1.2.1** .Постоечкиот еко-систем за социјалните претпријатија е мапиран; | Национален ресурсен центар за социјалните претпријатија; | III Квартал, 2021 година | Техничка помош преку Европската Комисија, проект |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| претпријатија во Република Северна Македонија | **А1.2.2**.Извештај за постоечката поддршка за социјалните претпријатија; | Национална мрежа на социјалните претпријатија; Локални центри за поддршка на социјалните претпријатија; Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика | | Градење на структури за социјалните претпријатија. |
| **А1.3** Основање на локални центри за поддршка на социјалните претпријатија | **А1.3.1** .Број на основани локални центри за поддршка на социјалните претпријатија;<br>**А1.3.2** Број на опслужени социјални претпријатија на годишно ниво;<br>**А1.3.3** Програми кои ги нудат локалните центри; | Министерство за труд и социјална политика; Граѓански сектор; Национална мрежа на социјалните претпријатија; Министерство за локална само-управа; Општините; Биро за регионален развој; Центри за развој на регионите | IV Квартал, 2021 година | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |
| **А1.4** Мониторинг и евалуација на влијанието и ефективноста на националниот ресурсен центар и на локалните центри за поддршка на социјалните претпријатија | **А1.4.1**Изготвена методологија за евалуација на влијанието и ефективноста на ресурсниот центар и на локалните центри за поддршка на социјалните претпријатија;<br>**А1.4.2** Кост-бенефит анализа на ресурсниот центар и на локалните центри за поддршка на социјалните претпријатија; | Министерство за труд и социјална политика, надворешен евалуатор; Национална мрежа на социјални претпријатија; | IV Квартал, 2022 година | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |

DRAFT FINAL

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **А1.4.3** Финален ивештај со препораки за унапредување на влијанието и одржливоста на ресурсниот центар и на локалните центри за поддршка на социјалните претпријатија | | | |

**<u>Мерка 2:</u>** Градење на капацитетите на актерите во еко-системот и на социјалните претпријатија

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | ВКЛУЧЕНИ АКТЕРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | РОК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **А2.1**: Анализа на потребите на постојните социјални претприемачи | **И1.2.1** Идентификувани потреби на македонските социјални претприемачи;<br>**И1.2.2** Извештај со препораки за социјалните претприемачи | Министерство за труд и социјална политика; Национална мрежа на социјалните претпријатија; Граѓански сектор | III Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |
| **А2.2**: Анализа на потребите на постојните актери во еко-системот на социјални претприемачи | **И1.2.1** Идентификувани потреби на актерите во еко-системот за социјалните претприајтија;<br>**И1.2.2** Извештај со препораки за потребите на катерите во еко-системот | Министерство за труд и социјална политика; Национална мрежа на социјалните претпријатија; Граѓански сектор | III Квартал, 2021 | Техничка помош преку Европската Комисија, проект Градење на структури за социјалните претпријатија. |
